# ЗБОГАТИ СЕ БЕЗ МАКА

## НАУКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ БОГАТСТВО

ВОЛАС Д. ВОТЛС

Наслов на оригиналот:
The Science of Getting Rich
Wallace Delois Wattles

Превод:
Јулија Петровска

Лектура:
Јасна Велева

Издавачка куќа
Херои

Печати:
Студентски Сервис

CIP - Каталогизација во пуибликација
Народна и универзитетска библиитека
Св. Климент Охридски Скопје

ISBN: 9786082214214

# СОДРЖИНА


Правото да се биде богат....................................................7

Постои наука за стекнување богатство..............................11

Дали можноста е монополизирана?.................................16

Првиот принцип во науката за стекнување богатство.....21

Зголемување на животот..................................................28

Како ви доаѓа богатството................................................35

Благодарност.....................................................................41

Размислување на ***одреден начин***....................................45

Како да ја користите волјата............................................50

Понатамошна употреба на волјата...................................56

Дејствување на ***одреден начин***........................................62

Делотворно дејствување...................................................68

Започнување со „правиот“ бизнис....................................74

Впечатокот на зголемување..............................................79

Човекот што напредува.....................................................84

Некои предочувања и завршни воочувања......................89

Резиме на науката за стекнување богатство....................95

## ПРЕДГОВОР

Оваа книга е прагматична, а не филозофска; практичен прирачник, не теоретски трактат. Наменет е за мажи и жени чија најголема потреба е онаа за пари; кои сакаат прво да се збогатат, а потоа да филозофираат. Тоа е за оние кои досега не пронашле ни време, средства, ниту можност длабоко да навлезат во прочување на метафизиката, но кои сакаат резултати и кои се подготвени да ги земат научните заклучоци како основа за дејствување, без да навлегуваат во сите процеси со кои тие заклучоци биле донесени.

Се очекува читателот да ги земе за вистинити фундаменталните тврдења, исто како што би поверувал на тврдења за закон за електрично дејство доколку се искажани од страна на Маркони или Едисон; и дека земајќи ги тврдењата за вистинити, ќе ја докаже нивната вистинитост постапувајќи согласно со нив без страв или двоумење. Секој маж или жена што ќе постапи вака сигурно ќе се збогати; затоа што науката што е тука применета е егзактна и неуспехот е невозможен. Сепак, за оние што сакаат да истражуваат филозофски теории и така да обезбедат логичка основа за верување, ќе наведам одредени авторитети.

Монистичката теорија за универзумот – теоријата дека Едно е Сè, и дека Сè е Едно; дека една супстанција се манифестира како навидум многуте елементи на материјалниот свет – е од хиндуистичко потекло и постепено ја освојува западната мисла веќе двеста години. Таа е основа на сите ориентални филозофии, како и на оние на Декарт, Спиноза, Лајбниц, Шопенхауер, Хегел и Емерсон.

Читателот што би ги истражувал филозофските основи се советува да ги чита Хегел и Емерсон, а би било добро да ја прочита и „Вечната вест“, исклучителен памфлет објавен од Ј. Ј. Браун, 300 Катаракт Роуд, Гованхил, Глазгов, Шкотска. Може да му бидат од помош и серија написи од авторот, објавени во Nautilus (Holyoke, Mass.) во текот на пролетта и летото 1909 година, под насловот „Што е Вистина?“

Пишувајќи ја оваа книга, јас ги жртвував сите други размислувања во име на недвосмисленоста и едностав–носта на стилот, за сите да може да разберат. Планот за дејствување наведен во книгава беше извлечен од фило–зофските заклучоци; беше темелно тестиран и го издржа најтешкиот тест на практичниот експеримент; функционира. Ако сакате да знаете како беше дојдено до заклучоците, прочитајте ги делата на гореспоменатите автори; а доколку сакате да ги искористите плодовите на нивните филозофии во вистинска пракса, прочитајте ја оваа книга и направете точно како што ви вели да правите.

АВТОРОТ

## ГЛАВА I.

## ПРАВОТО ДА СЕ БИДЕ БОГАТ

Што и да може да се каже во пофалба на сиромаштијата, останува фактот дека не е можно да се живее навистина комплетен или успешен живот, освен ако не сте богати. Никој не може да го издигне до највисок можен степен својот талент или душевен развој ако нема многу пари; за да ѝ даде израз на душата и да го развува својот талент, на човек му е потребно да користи многу нешта, а не може да ги има овие нешта доколку нема пари да ги купи. Човекот се развива умствено, душевно и телесно преку употреба на ствари, а самото општество е организирано на таков начин што човекот мора да има пари за да поседува ствари. Следствено, основата за секој напредок на човекот лежи во науката за стекнување богатство.

Развојот е цел на сечиј живот и сѐ што живее има неодделиво право на сиот развој што може да го постигне.

Човековото право на живот значи дека тој има право на слободна и неограничена употреба на сите нешта кои може да му се потребни за негов целосен умствен, духовен и физички развој. Со други зборови, тој има право да биде богат.

Во оваа книга, нема да зборувам за богатство на фигуративен начин; да се биде навистина богат не значи да се биде задоволен или задоволеност со малку. Никој

не треба да се задоволува со малку доколку е способен да користи и да ужива повеќе. Целта на природата е напредокот и течењето на животот, и секој човек треба да го поседува сето она што може да придонесе за моќ, елеганција, убавина и богатство во животот; да се биде задоволен со помалку е грешно.

Човекот кој поседува сè што сака за да го живее животот во неговиот целосен потенцијал е богат, а ниеден човек кој нема многу пари не може да има сè што сака. Животот е толку напреднат и е станат толку комплексен што дури и на најобичниот маж или жена им е потребно големо богатство за да живеат на начин што наближува до целосност. Секој човек природно сака да стане сè што е способен да стане; оваа желба за остварување на вро-дените можности е својствена за човековата природа; не можеме а да не сакаме да бидеме сè што можеме. Успехот во животот е да станеш оној кој сакаш да бидеш; можете да го постигнете тоа само со употреба на ствари, а може слободно да користите ствари единствено доколку станете доволно богати за да ги купите. Затоа, да се разбере науката за стекнување богатство е најважното од сите знаења.

Нема ништо лошо во тоа да сакате да се збогатите. Желбата за богатство е всушност желба за побогат, поисполнет и пообилен живот и таа желба е за пофалба. Човекот кој не посакува да живее пообилно не е нормален, па со тоа и човекот кој не сака да има доволно пари за да купи сè што сака, не е нормален.

Постојат три двигатели за кои живееме: живееме за телото, живееме за умот и живееме за душата. Никој од овие не е подобар или посвет од другите; сите се подеднакво пожелни и ниту еден од трите – тело, ум или душа – може да живее целосно, доколку на кој било друг му е ускратен потполн живот и изразување. Не е во ред или благородно

да се живее само за душата, а да се негира умот или телото. Исто така е погрешно да се живее за интелектот, а да се негираат телото и душата.

Сите сме запознаени со грозните последици од живеењето за телото негирајќи ги умот и душата и гледаме дека вистинскиот живот значи целосен израз на сѐ што човек може да даде преку телото, умот и душата. Како и да е, никој не може да биде навистина среќен или задоволен, доколку неговото тело не живее целосно во секоја своја  функција, а истото важи и за неговиот ум и и за неговата душа. Каде и да има неизразена можност или неизвршена функција, постои незадоволна желба. Желбата е можност што бара да се изрази или функција која бара да биде извршена.

Човекот не може да живее целосно во телото без добра храна, удобна облека и топло засолниште, како и без слобо–да од прекумерен напор. Одморот и рекреацијата се исто така неопходни за неговиот физички живот.

Тој не може да живее целосно во умот без книги и време да ги проучува, без можност за патување и набљудување или без интелектуално друштво.

За умствено потполно да живее, тој мора да има инте–лектуални рекреации и да е опкружен со сите умет-нички и убави предмети кои е способен да ги користи и цени.

За душевно потполно да живее, човекот мора да има љубов, а сиромаштијата го отежнува изразувањето на љубовта.

Човек е најсреќен кога може да им пружи добробит на оние што ги сака – љубовта го наоѓа својот најприроден и најспонтан израз во давањето. Човекот кој нема што да даде не може да ја исполни својата должност како сопруг, татко, граѓанин или човек. Човекот потполно живее во своето тело и ги развива умот и душата преку употреба на материјални ствари. Затоа, од огромно значење е тој да

биде богат.

Сосем е правилно да посакувате да бидете богати. Секој нормален маж или жена го посакува тоа. Сосем е правилно да посветите големо внимание на науката за стекнување богатство, бидејќи таа е најблагородното и најнеопходното од сите учења. Ако го запоставите ова учење, вие ја занемарувате вашата должност кон себеси, кон Бога и кон човештвото, бидејќи најдобро да им служите на Бога и човештвото кога го извлекувате максимумот од себе.

*Успехот во животот е да станеш оној кој сакаш да бидеш; можете да го постигнете тоа само со употреба на ствари, а може слободно да користите ствари единствено доколку станете доволно богати за да ги купите. Затоа, да се разбере науката за стекнување богатство е најважното од сите знаења.*

ГЛАВА II.

## ПОСТОИ НАУКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ БОГАТСТВО

Постои наука за стекнување богатство и таа е егзактна наука, како алгебрата или аритметиката. Постојат одредени закони што управуваат со процесот на стекнување богатство – штом човек ги научи и почитува овие закони, тој ќе се збогати со математичка сигурност.

Поседувањето пари и имот доаѓа како резултат на дејствувањето на одреден начин. Оние кои дејствуваат на овој *одреден начин*, без разлика дали намерно или случајно, се збогатуваат; додека оние што не дејствуваат на овој *одреден начин* остануваат сиромашни, без оглед колку напорно работат или колку се способни.

Природен закон е сличните причини секогаш да дадат слични последици. Затоа, секој маж или жена што ќе научи да дејствува на овој *одреден начин* несомнено ќе се збогати.

Вистинитоста на горенаведената изјава ја покажуваат следниве факти:

Збогатувањето не зависи од средината, бидејќи да зависеше сите луѓе во одредени населби би станале богати; сите луѓе од еден град би биле богати, додека оние од другите градови би биле сиромашни; или пак, жителите на една држава би се тркалале во богатство, додека оние на соседната држава би живееле во сиромаштија.

Но, насекаде, гледаме како богати и сиромашни живеат рамо до рамо, во истата средина,

честопати работејќи и во исти струки. Кога од двајца луѓе на иста локација работат иста работа и едниот се збогатува додека другиот останува сиромашен, тоа покажува дека збогатувањето не е примарно зависно од средината. Некои опкружувања може да бидат поповолни од некои други, но кога двајцата работат иста работа, во истото соседство и едниот се збогатува додека другиот не успева, тоа укажува дека збогатувањето е резултат на дејствување на *одреден начин*.

Понатаму, способноста за дејствување на овој *одреден начин* не се должи само на имање дарба, бидејќи многу луѓе со голема дарба остануваат сиромашни, додека други кои имаат многу малку талент се збогатуваат.

Проучувајќи ги луѓето кои се збогатиле, откриваме дека се просечни во секој поглед, дека немаат поголеми таленти и способности од другите луѓе. Очигледно е дека тие не се збогатуваат затоа што имаат таленти и способности што другите луѓе ги немаат, туку затоа што дејствуваат на одреден начин.

Богатењето не е резултат на тргање пари на страна или „штедливост“; многу „стиснати“ луѓе се сиромашни, додека „расипниците“ честопати се збогатуваат.

Богатењето не се должи ни на правење нешта што другите не успеваат да ги направат; двајца луѓе во ист бизнис честопати прават речиси потполно исти работи, а едниот се збогатува додека другиот останува сиромашен или банкротира.

Од сето ова што го наведовме не може а да не заклучиме дека богатењето е резултат на дејствување на специфичен, одреден начин.

Ако богатењето е резултат на дејствување на одреден начин и ако слични причини секогаш произведуваат слични последици, тогаш секој маж или жена што може да